ОКСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

COMMISSION ON PREVENTIO
AND PROTECTION AGAINS
DISCRIMINATIO

Комисија за спречување и заштита
од дискриминација
Бр. 0801-285/4
15.07.2021 год.
СКОПЈЕ

Постапувајќи по претставката бр. 0801- 285 од 03.10.2019 година, поднесена од Асоцијација за д[redacted] Тетово против Клуб [redacted] Берово, за извршена директна дискриминација врз основа на етничка припадност и боја на кожа, согласно член 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр.258/2020 од 30.10.2020 година), на 15.07.2021 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА директна дискриминација** врз основа на етничка припадност и боја на кожа извршена од страна на Клуб [redacted] Берово.

## Образложение

Во претставката подносителот наведува дека на 21 јуни 2019 година [redacted] од Берово заедно со свои четворица пријатели, сите од ромска етничка припадност, се обиделе да влезат во клубот [redacted] при што биле пречекани од газдата на клубот кој им забранил влез на гостите со изговор дека клубот служи само елитни гости. На прашањето, како проценува кои гости се елитни, газдата на клубот одговорил дека тоа го проценува врз основа на бојата на кожата и облеката која ја носат.

До Клубот [redacted] Берово на 25.05.2021 и 08.07.2021 беше испратено барање за изјаснување заведено под архивски број 08-285/2 и ургенција за одговор по барањето за изјаснување заведено под архивски број 0801-285/3, по што од страна на Клуб [redacted] Берово немаме добиено повратен одговор.

Поради тие причини, тргнувајќи од меѓународните правни акти вклучувајќи ги Универзалната декларација за човекови права, Европската конвенција за човекови права, Меѓународната повелба за граѓански и политички права како и Конвенцијата за елиминација на сите форми на расна дискриминација на Обединетите нации, акти кои се ратификувани и правно обврзувачки за Република Северна Македонија, продолжувајќи со Уставот на Република Северна Македонија и Законот за спречување и заштита од дискриминација член 8, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација **утврдува директна дискриминација** и ја дава следната препорака

## ПРЕПОРАКА

Се препорачува Клуб [redacted] Берово во иднина да обезбеди непречен и еднаков пристап до добрата и услугите на сите граѓаните на Република Северна Македонија без разлика на нивната етничка и расна припадност. Дополнителни му се препорачува на газдата на Клуб [redacted] Берово да учествува во обука за подигање на свеста и сензибилизација за работа со маргинализирани категории на граѓани, вклучително по сите основи за дискриминација кои се спомнати во Законот за спречување и заштита од дискриминација.

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Tel: +389 23232368 ; +389 23216892
www.kszd.mk contact@kszd.mk

ОКСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

COMMISSION ON PREVENTION AND PROTECTION AGAINST DISCRIMINATION

# ПРЕПОРАКА

Се препорачува Клуб [redacted] Берово во иднина да обезбеди непречен и еднаков пристап до добрата и услугите на сите граѓаните на Република Северна Македонија без разлика на нивната етничка и расна припадност. Дополнителни му се препорачува на газдата на Клуб [redacted] Берово да учествува во обука за подигање на свеста и сензибилизација за работа со маргинализирани категории на граѓани, вклучително по сите основи за дискриминација кои се спомнати во Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисијата согласно со своите законски надлежности го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација, сè до нивното исполнување. Доколку субјектот кон кој е упатена Препораката не постапи по истата, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисија за спречување

и заштита од дискриминација

Весна Бендевска

Пратено до:

- Асоцијација за [redacted], 1200 Тетово
- Клуб [redacted], ул. [redacted] Берово

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Tel: +389 23232368 ; +389 23216892
www.kszd.mk contact@kszd.mk